


МЕТ ЛУТОНЕ

ТОМИСЛАВ ГЕОРГИЕВ

РОБЕРТ АТАНАСОВСКИ


# УПАТСТВО ЗА **БЕЗБЕДНО ФОТО-РЕПОРТЕРСТВО** И ЕТИКА


СЛОБОДА
ЗА
КЕНАРОВСКИ



*Посебна благодарност до членовите на македонската заедница на фото-репортери кои учествуваа во работилница одржана во близина на Охридското Езеро, од 18 до 20 јуни, 2015 година. На таа работилница учесниците ги искажаа ставовите во врска со темата, а подоцна беа земени во предвид при изработката на оваа публикација. Овој збир на насоки и препораки за безбеднофото-репортерствои етика се создадоа благодарение на нивните податоци и имаат за цел да им помогнат безбедно да ги извршуваат своите обврски на работните места.*

*Работната верзија на овој документ, исто така беше разгледана на еднодневната работилница организирана од Здружението на новинарите на Македонија во Скопје, во октомври 2016 година. Дел од дискусијата на оваа работилница заедно со личното искуство е пренесена во текстот на Томислав Георгиев и Роберт Атанасовски, македонски фото-репортерисо широко познавање и искуство, локално и регионално.*

# ВОВЕД

Целта на овој документ е да даде идеи и насоки како националните медиуми може да се организираат и да се регулираат со цел да се обезбеди најголема безбедност за новинарите и најдобро известување за нивните клиенти. Безбедноста и интегритетот на известување се од клучно значење за слободата на печатот, кој е еден од основните принципи на демократската држава. Овие упатства се препораки за редакциите кои ги покриваат домашните ситуации кои се развиваат брзо и сите видови на локално известување, од планираните достапни информации до важните вести.

Овие упатства се засновани на меѓународните стандарди и препораки и се потпираат на целосната поддршка на редакцијата и редакцискиот тим за да се усогласат со приоритетитеза безбедност на новинарите во опасни и компромитирачки ситуации. Нашата заедничка цел е да се подобри квалитетот нановинарството преку интегритет и безбедност на нашите новинари.

За да се заштитиме како новинари физички и од надворешните влијанија, ние мора да ги разбереме и да ги измериме ризиците и изложеностасо кои се соочуваме на работното место. Мора да соработуваме во рамките на редакциите за да се изградат универзалните стандарди кои ќе го зајакнат известувањето на поединците и на нашата заедница. Постојат моменти кога нашите новинари на терен ќе бидат посилни заедно и нашето влијание врз заедницата ќе биде поголемо, кога ќе соработуваме имајќи ги во предвид најдобрите интереси за безбедноста на новинарите и новинарската етика.

Потребно е да разговараме за сценарија во кои информативните тимови ги покриваат настаните за кои се знае дека се нестабилни или небезбедни, на пример протести кои веќе се претво-

риле во насилства или воени акции, но и како да се реагира при социјалните и политичките настаникои се развиваат брзо.Во наш фокус се домашните активности каде што редакцијатаи репортерите се запознаени со политичката, физичката и личната средина, но и обезбедување на дополнување за информативните тимови кои известуваат за странските непријателски средини.

Од исклучително значење е и безбедноста на репортерите, која што се обезбедувапреку соодветна обука и достапност на заштитна опрема, затоа што на тој начин може да се спасат човечки животи. Персоналот мора да има заштитна опрема, како што се шлемови, гас-маски, панцири и во екстремни случаи, достапни оклопни автомобили и мора да бидат обучени за нивна употреба. И тие мора да бидат достапни и да се користат во сите случаи на опасни ситуации, доколку се очекуваатефективни резултати.

Потребно е планирање пред какви било сериозни интеракции или инциденти кои се случуваат меѓу нашите фото-репортерии непријателските средини. Претпазливото планирање е од големо значење за безбедноста, како и од суштинско значење за можностада се носатподобри одлуки при планирањето за кое нема да има многу времезаради намаленото влијание. Неопходно е веднаш да ги решиме проблемите во рамките на нашите организации, пред нашитефото-репортери повторно да се најдат во ризични ситуации. Секогаш може да се подобри нашата безбедност со обука и подготовка и никогаш не е предоцна да се започне со силна кампања за заштита на нашите колеги и пријатели.

Донесувањето на одлуки од страна на уредниците, особено кога станува збор за безбедноста на фото-репортерите,треба да биде транспарентно и со можност за вклучување на персоналот. Стандардите мора да бидат еднообразни во сите оддели со заедничка одговорност. Фото-репортерите мора да имаат право да ги одбијат работните задачи ако чувствуваат дека постои редакциски или безбедносен ризик, затоа што токму тие ќе имаат најмногу информации од прва рака за ситуацијата. Вработените мора да бидат обучени и правилно информирани за ризиците за која било дадена задача.

Силно се препорачуваат внатрешните упатства за етиката, да се појаснат стандардите на компанијата за прашања за манипулација во однос на пост-обработка и во областа на уредување на фотографската средина на објектот. Треба јасно да се спроведат правилата за квалитетите на „фотошопирањето", сечењето, тонирањето, секвенционирањето на сликите и треба да се поттикнат и во рамките на соодветниот медиум и во рамките на медиумската заедница во земјата. За да се контролираме и соодветно,мора да настојуваме да имаме заеднички стандард за прифатливата практика. Јавно да се застане зад новинарите кои ги следат овие стандарди и да се осуди практика која отстапува од нашите стандарди. Ова е важна мерка за одговорноста на печатот и довербата на јавноста.

# ПРЕГЛЕД

## БЕЗБЕДНО ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Кои се безбедни / небезбедни ситуации**

- Насилни, чувствителни, непознати
- Домашни / познати наспроти непознати
- Како да се планираи да се пристапи во ситуациите
- Како да се опремите со заштитна опрема
- Достапност на опрема во рамките на организациите
- Обука за користење на опремата во рамките на организациите
- Дополнителна обука за логистика, прва помош, итн. Пристап до меѓународните обукиза високо-ризичните средини
- Известување во групи
- Безбедност на групата
- Одлуки на групата
- Донесување на одлука во рамките на редакцијата
- Безбедност, обука, опрема на персоналот.
- Приоритетина редакцијата
- Испитување, учење од тековните ситуации

## ЕТИКА

- **Дискусија за манипулација**
- **Претставување на средини**
- **Фото можности / прес конференции**
- **Професионални стандарди**
- **Интегритет при известување и уредување**




ПОЛИЦИЈА

# ВКЛУЧЕНИ ТЕМИ:

- Смирување на напнати ситуации со демонстранти, полиција, граѓани.
- Во насилни ситуации фото-репортерите се собираат заедно. „Ниту една фотографија не е повредна од животили сериозна телесна повреда“.
- Опремување со опрема за безбедност, правилно користење и секогаш да ја носите со себе. „Заштитна опрема е бескорисна ако не е на располагање и не се користи“.
- Прв приоритет при донесувањето на уреднички одлуки е безбедноста на вработените и поддршката.
- Соодветна обука на персоналот, особено на младите и новите членови, заштитна опрема, мерки на претпазливост и планови за итно дејствување. Иницирање на периодични обуки.
- Јасни внатрешни етички стандарди, кои се транспарентни и се спроведуваат меѓу сите вработени.
- Вознемирување (апсењето на новинарите, мешање во нивната работа, заплашување, бришење на фотографии), апсење, повреди.
- Лични реакции и улогата на работодавачите на фото-репортерите да се спротивстават на овие активности. Правни и други лекови.
- Заштита на фото-репортерите во смисла на (менталното)здравје и правна покриеност после ваквите инциденти.Уредувачка политика во конфронтирачки ситуации.
- Разбирање на јавноста и владата за улогата на медиумите и соодветно, нивните и нашите права,
- Поврзување со меѓународната заедница на новинари и фото-репортери; пристап до меѓународните бази на податоци и достапноста на обука кога може да се примени. РОСК, Репортери без граници. Професионален развој.
- Улогата на медиумите во опасни, јавни ситуации, односно интервенција на членовите на медиумите при развојот на ваква ситуација (етиката наспроти законот).



## ДОПОЛНУВАЊА:

● НМАФ Кодексот на етика (Национална медиумска асоцијација на фото-репортери, САД)
Линк: https://nppa.org/code_of_ethics

● Репортери без граници Извештај за безбедно известување од воени зони
Линк: http://en.rsf.org/IMG/pdf/handbook.pdf

● Текст од Првиот амандман на американскиот устав
„Конгресот нема да усвои закон кој нема да почитува која било религија или ќе ја забрани слободата на истото или да ја ограничи слободата на говорот или на печатот или право на луѓето мирно да се собираат и да поднесуваат претставки до Владата за исправање на неправдите"

● Текст на „Закон за правата на фото-репортерите"
Линк: http://www.krages.com/ThePhotographersRight.pdf

## ФАКТИ:

● Убиени, уапсени и малтретирани новинариво 2015 година http://en.rsf.org

● Колку од нив биле „странски" новинари, колку биле локални новинари и фиксери

## ЦИТАТИ:

*(РБГ Извештај)*

***Принцип 3*** *– Искусните вработени или хонорарно ангажираните кои се искусни и се користат во кризни ситуации. Новинарите кои покриваат војна за прв пат не треба да бидат испратени сами, туку да бидат придружени од поискусни новинари. Треба да се поттикне тимска работа во оваа област. Уредниците треба систематски да ги информираат вработените кога ќе се вратат за да учат од нивните искуства.*

*(РБГ Извештај)*

*Ако сте нападнати*

● *побарајте место да се скриете*

● *користетеги сите природните, вештачките, хоризонталните и вертикалните заштити и бидете подготвени воурбаните средини, особено во близина на високи згради, од кои луѓето може да фрлат камења. Ако сте директно нападнати, избегнувајте физички контакт и преговарање за даја смирите ситуацијата.*

*Совети*

● Заштитете ја опремата и возилата од кражба преку подготовки во однос на толпата на непријатели или вандали (внимавајте каде го паркирате возилото).

- Избегнувајте да бидете сами или да работите сами (доколку работите со колегитеќе биде полесно да се одбраните и лесно може да се вклучи алармот во случај на повреда).
- Носете заштитна облека (облека која се носи при возење на мотори) и чувајте се од солзавец (маски за лице, ракавици, очила за скијање).
- Проценете ги ризици и прашајте ја полицијата во врска со расположението на демонстрантите иматеријалите и опрематакои се очекува да ги користат (тешко или лесно оружје и друг вид на оружје).

*(РБГ Извештај)*

***Дефиниција за висок ризик***

*Високиот ризик се дефинира како значително повисок од нормалниот ризикот од смрт или сериознаповреда како резултат на:*

- Непријателска средина - земја, регион или одредено место зафатено со војна, востание, граѓански немири, тероризам или екстремно ниво на криминал, разбојништво,беззаконие или нарушување на јавниот ред или области со екстремна клима или терен.
- Високризични активности - испитувања кои вклучуваат таен надзор или снимањеи / или спротивставување на терорист, сериозни криминални, екстремистички или насилни политички групи.
- Високоризични настани - немири, граѓански немири или екстремно нарушување на јавниот ред, тероризам иливооружени криминални инциденти како што се киднапирање или опсади, кој било настан во кој има хемиски, биолошки или радиолошки (ХБР) супстанции, екстремни климатски настании природни катастрофи како што се ураганите, поплавите, земјотресите, вулканските ерупции и слично или појава на сериозни болести и пандемии.

***Право да се одбие***

*Нема присилно преземање на високо-ризични задачи. Персоналот презема високо-ризични работни обврски врз целосно доброволна основа и има право да одбие таква задача без казна или кои било други штетни последици.*

# БЕЗБЕДНОСТ НА ФОТО-РЕПОРТЕРСТВОТО

## Евалуација на ситуации и задачи за безбедност

Безбедноста нафото-репортерите во непријателски средини треба да биде од суштинско значење за новинарство. Ниту една фотографија не е вредна за да се умре ниту да се стекне со сериозна повреда. Уредувачката политика за известување од опасни средини мора да го рефлектира приоритетот за безбедноста на новинарите како средство за создавање на најефикасно и интегрално новинарство.

Едноставните ситуации брзо може да се претворат насилни и опасни. Ова честопати не може да се предвиди, но соодветната обука и искуство може да им помогнат на новинарите и фото-репортерите правилно да ја проценат ситуацијата, безбедно да известуваат и да се вратат дома кај нивните семејства и редакцијата. Камењата и канистрите сосолзавец се смртоносни и се' повеќе се заедничкагрижа кога станува збор за домашните известувања во 21 век.

Треба да се вложи напор и од страна на уредникот и од фото-репортерот за да се процени потенцијалот за насилство и нестабилност за време на извршувањето на задачата. Примерите на небезбедни ситуации кои бараат планирање однапред вклучуваат протести кои имаат потенцијал за конфликт или насилство, протести со потврден конфликт или насилство, полициски или воени дејствија и известување за организиран криминал. Ситуациите кои бараат дополнителна внимателност, како што се

*(*Фуснота: дефиниција на РБГ за висок ризик)*


ZLATEN DAB
BEER
ZLATEN DAB



приказнитеза жртви на криминал, жртви на несреќи или итни случаи, полициски или воени дејствија, известување во непријателски или скептични заедници исто така, треба внимателно да се разгледаат.

Треба да се спомене дека новинарското познавање на заедницата која се фотографира, нивниот говорен јазик, етничка припадност или идентитет, уредувачка припадност итн, може да влијае на релативната безбедност во дадена ситуација. Способноста да се разбере ситуацијата околу вас и вербалните и невербалните знаци се работи кои треба да се земат во предвид. Треба да се преземе дополнителна заштита при известување од непозната ситуација или во ситуации каде тешко се остварува комуникацијата.

Во ситуации каде што безбедноста е проблем и може да се предвиди, треба да се обезбедат соодветни безбедносни мерки на претпазливост. Тука може да се вклучи опрема, како што се цврсти капи или шлемови, гас-маски или панцири и / или лична безбедност од обучен фиксер / преведувач или возач. Редакциите мора да ја обезбедат оваа опрема и обука за да јакористат сите вработени кои се вклучени при информирањетоод опасни средини. Од суштинско значење е да се забележи дека ваквите мерки на претпазливост не се корисни, ако тие се користат неправилно и без доволно инструкции. Шлемот или гас-маската кои се оставени во канцеларија или не се носат правилно, нема да не заштитат. Медиумитетреба да преземат мерки на претпазливост и да обезбедат, кога е можно, осигурување и здравствена заштита за новинарите кои се наоѓаат во опасни средини. Ова е особено важно за новинарите кои работат надвор од нивната земја на живеење.

Се препорачува секој медиум да создаде свој преглед на внатрешната безбедност и уредувачката политика. Треба да содржи одредби за обука на вработените за користење на заштитната опрема, етиката на известување од специфични или опасни ситуации и за тимско известување. Од суштинско значење е организациите кои редовно вработуваат хонорарни новинари и фото-репортери да ги вклучат како членови на нивниот тим при обука и брифинзи за безбедноста. Организации треба да одбијат да ангажираат хонорарци кои немаат соодветно искуство или обука за непријателски средини затоа што истите ја загрозуваат и безбедност на поединецот и на заедницата на новинарите кога известуваат од овие ситуации.

За решавање на конкретни проблеми за безбедноста, може да се препорача медиумитеда обезбедат пристап до надворешни курсеви за обука или да се вработат консултанти за да се


*(*Фуснота: Забелешка на Репортери без граници "Кога сте нападнати")*

реализираат внатрешни обуки. Ако персоналот редовно известуваод насилни и опасни средини, обуката за прва помош може да биде од суштинско значење за безбедноста и мерка за да се спаси животот. За вработените и хонорарно ангажираните- кои известуваат од воени зони или активни воени подрачја, специјализираната обука „Обука од непријателска средина“ може да биде од суштинско значење. За повеќето меѓународни медиумски организации, овие обуки се предуслов за известување од непријателски средини. Обука, како што е РОСК(Репортери обучени да спасат колега, ЛИНК: http://risctraining.org/) се доступнипо малацена или бесплатни.

Ваквата обука е составен дел при работа со млади и нови членови на персоналот. Оваа одговорност паѓа првенствено на медиумот кој ги вработува овие поединци во заедницата, а заедницата на фото-репортери, особено во високо-ризични средини - кога е можно треба да помогне на помладите и помалку искусните фото-репортери со соодветна индивидуална и групна безбедност.

Во високо-ризичните средини, честопати е неопходно заради безбедносни и логистички причини, да се известува во групи. Пример е воената зона каде што новинарите можат да патуваат во конвој за да ги споделат трошоците и да се обезбеди безбедност како и создавање на безбедносна мрежата за себе во вонредните ситуации (преку нивна обука за прва помош или однесување во непријателски средини). Во почестите домашни сценарија, новинари честопати може да известуваат од прес-конференција или протест на истата локација како и сите други, како резултат на потребаили безбедноста на позицијата за сликање. Новинарска конкурентност и уредувачка независност честопати гиобојува односите меѓу фото-репортерите, но мора да се признае дека во непријателска ситуација можеме да си обезбедиме безбедност и поддршка еден на друг во рамките на заедницата.

Правото на новинарите да работат слободно во областа, без пречки или малтретирање од приватниоте или владините субјекти е од клучно значење. Постојат многу стратегии за да се одврати несакано внимание од еден новинар кој работи во областа, потпирајќи се главно на меѓуперсоналната комуникација, смиреноста и чувствителноста. Знаејќи како и кога да се направи фотографија е клучна вештина на искусен и ефикасен новинар. Деактивирање на напнати ситуации преку мирна и рационална комуникација може да биде корисен метод за одржување на мирна состојба, а преостанатите слободно да работат, безбедно и без пречки. Но, понекогаш, најдобрата опција е да отиде подалеку од проблематичниот момент со што опремата, личната безбедност и објавувањето фотографии ќе останат непроменети.

Кога сте во состојба со голем притисок каде што субјектите бараат да се предаде  опремата или да ги избришете вашите фотографии, постојат опции. Ако опасноста е реална или ако сметаш дека немаш друг избор, врз основа на личните закани за насилство, дајте им го на агресорите она што го бараат. Една од опциите е што можете да ја направите е доколку работите со дигитална опрема за снимање, избришете ги фотографии од камерата во присуство на агресорот. Но, веднаш извлечете ја мемориската картичка (CF картичка, SD картичка, итн) и чувајте ја безбедно место. Честопати, ако не се променети датотеките на картичката, ќеможете да го искористите софтверот наречен „Софтверза обнова" за да ги повратите слики кои се „избришани". Ако сте ги избришале сликите и се надевате дека ќе ги повратите, значајно е да не јакористите картичката веднаш, затоа што дигиталните информации кој ја создаваат фотографијата најверојатно ќе им треба време да се зачуваат на картичката. Не сликајте нови слики (тие можат да се запишат врз „избришани" слики) и неја форматирајте картичката (со овој чекор ќе се избрише целата картичка).

Во ситуации кои се потврдиле како насилни, клучни се токму силата и средства на групата на новинари кои одлучиле да се повлечат заедно, за да се осигура меѓусебната безбедности да покажат солидарност. Ако срединатастане непријателскакон слободното или безбедното известување, новинарот треба да посвети посебно внимание на проблемите на своите колеги.

Во случај на трауматична ситуација во кое е вклучен фоторепортер, важно е нивните колеги и уредници да обезбедат професионална и емотивна поддршка. Можни се задоцнети ефекти од стрес, повреда или траума и кои можеби нема да се појават веднаш по настанот. Психолошките повреди се можни и по сведочење или преживување на трауматски настани. Се препорачува,вработените во редакциите да се запознаат со ресурсите за Новинарите кои преживеале трауматичен настан. (Линк: Дарт Центар за новинарство и траума).

Одлуките на одредени новинари во оваа област и вработените во редакцијата кои ги поддржуваат, секогаш треба да се во согласност со највисоките стандарди на интегритетот и етичкото известување. Нашата мисија е да им служиме на нашите заедници преку нашата медиумска независност. Но, ние исто така мора да разбереме дека оваа мисија не би била можна ако ние не ја обезбедиме сопствената безбедност во сите ситуации. За таа цел, особено во високо-ризичните ситуации, безбедноста и интегритетот на нашите колеги новинари треба да биде клучна.

# ЕТИКА ВО ФОТО-РЕПОРТЕРСТВОТО

Темата за етиката во фото-репортерствотово крајна линија се потпира на стандардот за заеднички прифатливите практики кои се спроведуваат во рамките на редакциите и во рамките на заедницата на новинарите. Овие практики се изразени на меѓународно ниво и во помалите национални или локални организации.

Важен аспект за одржување на здрава и продуктивна етиката е задржување и спроведување на јасни внатрешни етички стандарди. Уредниците треба директно да ги насочат своитевработени кон тоа што е прифатливо, а што не е во рамките на нивните организации, како и постојано да се спроведуваат овие правиласо сите вработени и со хонорарно ангажираните лица. Уредниците и вработените можат да учат од многу медиуми и организации на фото-репортери од целиот свет за насоки за кодекситеза етика.

Овие прашања се особено видливи кога станува збор за признанија или прославување на работа преку награди, изложби или грантови. Постојат бројни примери од изминатите години кои ги илустрираат наградите и грантовите кои се провлекле поради етички пропусти на фотографите. Тука е вклученопогрешно презентирање каде се направени фотографиите, прекумерно и погрешно тонирање на слики со што погрешно се прикажува местото на настанот и вметнување или бришење на елементи на самата фотографија.

Примарната грижа за одржување на слободно и веродостојно новинарство е како да се одговори на прашањето за манипулацијата која се појавува во многубројни форми. За да бидат ефективни, новинарите се потпираат на довербата на заедницата,


POLICE
POLICE
POLICE



нашиот предмет на интереси нашата публика. Воочените поими за пристрасност и корупција треба да се избегнуваат. Ова е од суштинско значење за интегритетот на новинарството и помага да се создаде и да се информира публика, која верува во нашите фотографии и нашето известување.

*ЛИНК:http://lens.blogs.nytimes.com/2015/06/16/posing-questions-of-photographic-ethics/?_r=0#*

Манипулација, Пример 1:

## Прекумерното едитирање на фотографиите откако ќе се направат

*„Едитирањето треба да го задржи интегритетот на содржината и контекстот на фотографиите. Неги менувајте сликите или додавате или менувајте тонот на сликите на начин кој може да ги доведе во заблуда гледачите или погрешно да го прикажат објектот.“- НМАФ Кодекс на етика, # 6*

- **Пример 1:** Брајан Валски / Лос Анџелес Тајмс. Комбинирање на различни слики во една „подобра“ композитна слика. Тој беше отпуштен веднаш кога се откри оваа манипулација.

- **Пример 2:** Нарцисо Контрерас / АП. Овој фото-репортер-клонирал дел од фотографијата на која имало некој колега во Фотошоп. Апсолутно неприфатливо е да се додадат или одземат информации од фотографија во пост-обработката. Исто така вреди да се спомене дека манипулацијата на Контрерас „е прекршок затоа што оваа манипулација драматично го менува контекст на сликата и исто така не дава информации дека имало и други новинари на местото на настанот.

Манипулација, Пример 2:

## Сценирање на фотографиите

*„Додека ги фотографирате објектите немојте намерно да придонесете кон нивна промена или да се обидетеда ги измените или да влијаете на настаните.“ - НМАФ Кодекс на етика, # 5*

**Пример 1:** https://en.wikipedia.org/wiki/Tomoko_Uemura_in_Her_Bath WПознатата фотографија на Јуџин Смит не е документиран момент, туку планиран и создаден од фотографот. Таквите слики мора да бидат означени како портрет, каде што е дозволена интервенција на фотографот за да се создаде почиста позадина или „подобра“ светлина.

Манипулација, Пример 3:

## Некритични кон сценирањата на другите

*„Одбијте да бидете изманипулирани од можностите за сценирање на сликата.“ - НМАФ Кодекс на етика, # 2*

*„Барајте целосен и неограничен пристап до објектите, препорачајте алтернативи на плитките или избрзаните можности, барајте разновидни гледишта и работа со која ќе се покажат непопуларните или незабележаните точки на гледање.“ - НМАФ Кодекс на етика, 2-3 #*

**- Пример 1: (Забелешка: Дали можеме да искористиме фотографијата од работилницата каде што демонстрантите глумат пред камери и ги предаваат своите знамиња / ознаки што укажува на „погрешна“ насока? Ова зборува за фотографот кој е сведок на критичните сцени пред него)**

За да се одржат професионалните стандарди и интегритетот на нашата професија мора да го поттикнуваме доброто и етичкото новинарство, да понудиме корекции и да ги отповикаме примерите кои не ги одразуваат нашите цели. Публикации мора да го поправат јавното мислење кога новинарите погрешиле и да понудат јавни деманти и извинување кога е потребно и да се обезбеди форум за критичка дискусија за грешки кои се случиле. Заедницата треба, исто така да понуди предлог како да се избегнат слични грешки во иднина. Ние мора да се подржуваме едни со други и да бидеме одговорни, внатрешно, во нашата заедница преку конструктивна критика. Саморегулацијата е значајна за слободните медиуми и за нивното функционирање.

Исто така многу е важно да воведеме стандарди за безбедност, кои се саморегулирани и кои се наменети за нашите колеги и пријатели да бидат безбедни. Нашата безбедност ќе ја одржуваме заедно со одржување на нашиот интегритет. Овие упатства треба да и обезбедат на секоја редакција, уреднички тим и фото-репортери (вработени или хонорарни) основни информации за тие да донесат повеќе информирани, безбедни и продуктивни одлуки за тоа како тие ќе ги покриваат настаните во опасни средини. Овие подобрувања на безбедноста на персоналот ќе имаат директно и позитивно влијание врз моралот и квалитетот на работата реализирана од фотографските тимови.

# ИСКУСТВА ОД РАБОТА ВО РИЗИЧНИ СИТУАЦИИ

**ТОМИСЛАВ ГЕОРГИЕВ**

Секогаш е тешко и никогаш нема да биде уникатна ситуација при работа во кризна или конфликтна ситуација. Првото нешто што секој фотограф треба да го направие да биде многу добро информиран за ситуацијата со политичката динамика и да се истражи дали се случиласлична ситуација (ако тоа е митинг, дали е насилен, како реагирала полицијата, дали има жртви, дали некој новинар е повреден, приведен или задржан од полицијата). Оваа информација може да се добие преку интернет и воглавно од новинските агенции, но секогаш разгледајте ги социјалните медиуми и граѓанското известување, бидејќи тие понекогаш може да бидат повеќе корисни од официјалното известување во однос на брзината на информации и фактичката состојба која може да биде корисна кога ќе се најдете на терен.

Второ, кога сте на задачата, секогаш барајте информации од фотографите и новинарите кои се таму и ако тоа е туѓа земја, останете со нив барем додека не добиете впечаток за средина и место, особено кога не го знаете јазикот во таа земја.

Токму затоа вмрежувањето е многу важно за фотограф кој е во регионот на Балканот, каде што се вклучени не само политички, туку верските проблеми и вашите контакти и пријатели може да ви помогнат, а понекогаш тие се и единствениот контакт за да ја реализирате задачата. Да не зборуваме за логистички информации, како што се место за престој, интернет, итн., а исто така и информации за безбедноста, затоа што понекогаш тие се единствените пријатели на теренот.

Фиксеритечестопати служат како преведувачи, иако понекогаш е потребно да се ангажира експерт преведувач, тие честопати се возачи и се грижат за движењето и транспорт, што понекогаш е од суштинско значење за реализирање на задачите во недостапните региони со јазични бариери.

Состојба во Македонија, во врска со безбедното известување особено во изминатите две години е типичен пример за тоа како во целина еден мирен протест може да се претвори во насилство и тоа е причината зошто фото-репортерите мора да бидат подготвени во однососна опремата (кацига, гас маска) и да се прилагодат на насилните ситуации.

Секогаш, колку што е можно побрзо пресметајтего ризикот и ако не сте сигурни што треба да направите,следете ги одлуките на другите новинари каде да застанете или да се скриете. Внимателно изберете го местото и најдобро е ако имате заштита над вас (како што е прагот или комерцијален банер) за да бидете безбедни во случај луѓето да фрлат камења или други цврсти предмети. Во случај на судири,проверете каде можете да бидете најблиску до одреден настан (како полицијата ги апси демонстрантите) и брзо да ја направите фотографијата. Ако полицијата ви каже да престанете со фотографирањето треба да ја почитувате и обидете се да ја промените локацијата, бидејќи можеби според нив, вие сте закана и нема да можете да ја завршите својата работа. Соочувањето со полицијата или демонстрантите никогаш не е добра идеја, ќе се изгуби време и ќе се најдете во лоша ситуација.

Во случај да трчаат (полиција ги брка демонстрантите) не трчајте или трчајте зад полицијата, во спротивно, според полицијата и вие ќе бидете дел од демонстрантите.

Во случај на судир меѓу полицијата и демонстрантите, избегнете да бидете во средина или не многу долго, бидејќи ситуацијата околу вас може многу брзо да се претвори во насилство.

Пред што било друго, новинари мора да се заштитат себе си и да бидат во можност даработат. Ова значи да работите од најбезбедното место колку што се може и сепак да имате можност да ја фотографирате акцијата.

Нашата работа е да ги кажеме приказните кои ги гледаме. Доколку со наша проценка на ситуацијата се утврди дека треба да се сподели и да се раскаже приказната од побезбедна далечина, тогаш тоа е она што треба да го направиме.



# ПРАКТИКА ВО МАКЕДОНИЈА


## РОБЕРТ АТАНАСОВСКИ


Со оглед на специфичните околности во кои се наоѓаат нашите фоторепортери, би сакал да додадам некои работи кој се од суштествена важност и ќе служат како надополнување на текстот на Мет и на Томислав кој зборуваат за информирањето и социјалните мрежи.

**1-Прво** и основно е дека во нашите редакции треба да работиме на заштитна опрема за фоторепортери, бидејќи кај нас истата ја нема и треба да биде задолжителна. Оваа опрема треба да е задолжителна за секоја поголема редакција и да има барем една заштитна опрема која ќе вклучува гас маска, шлем и панцир, како основни средства за заштита при работа во ризични околности и ситуации.

Секогаш кога се испраќа фоторепортерот на терен, потребно е опремата да му е лесно достапна, односно во негова непосредна близина или во неговиот автомобил, со што би се загарантирало повисоко ниво на безбедност.

И уште еднаш би се осврнал на горенаведениот проблем кој треба да се реши во самите редакции меѓу фоторепортерите и главниот уредник, евентуално сопственикот на медиумот.

**2-Втора** работа која би ја споменал е секако односот на самите уредници кон фото-репортерите, особено кога станува збор за покритични ситуации во кои вообичаено се реагира и тие се испраќаат на одредени места без знаење и факти за ситуацијата.

Во оваа ситуација треба да се консултираат поискусните колеги и сите други со цел да се овозможи посоодветна подготовка на фото-репортерот за да знае како да реагира (да биде подготвен) на терен.

Сметам дека овој проблем треба да се се развие преку врската помеѓу уредниците и фото-репортерите и обратно.

Секако, би додал дека разни курсеви што одат во ова насока се добредојдени и многу пожелни. А јас до сега не се сеќавам на такви обуки, барем не кога се фото-репортери во прашање.

**3-Односот со полицијата.**

Доколку зборуваме за специфичните ситуации овде, мислм дека фокусот е секако односот на полицијата кон фото-репортерите и обратно. Во секоја земја односот на полицијата кон фото-репортерите е различна. Од моето лично искуство, во Македонија најдрастичен е случајот кога самата полиција ги смета фото-репортерите за непријатели и понекогаш обрнува поголемо внимание нафото-репортерот и што фотографира отколку на самиот проблем за кој што се дојдени.

Фоторепортерот со себе да носи прес легитимација која треба да е поставена на видно место, каде јасно ќе се гледа медиумот за кој известува и дека фоторепортерот е таму службено да го покрие настанот, а не да ги фотографира нив.

Вообичаено, нема потреба да се фотографирасамата полиција, освен ако не е во непосредна близина на самиот настан и на некој начин е вклучена во истиот, активно или пасивно. Тогашфото-репортерот прави проценка дали треба да се фотографира и значајно е да не биде на начин со кој ќе се провоцираат полициските службеници (пр. агресивно фотографирање од непосредна близина), туку од безбедно растојание со што нема да го попречува нивниот работен простор.  Секако, потребен е коректен однос со полицијата, а не непријателски!

Ако полицијата има специфични наредби, тие треба да се почитуваат, меѓутоа ако се наметнат забрани кои вообичаено не би требало да постојат, тогаш е потребно фоторепортерите да се групираат и да реагираат заеднички, а не поединечно.

Во Македонија, карактеристично е тоа што понекогаш имаме проблеми со фотографирање на групи (демонстранти, навивачки групи итн.) кои во моментот прават некакво прекршување на јавниот ред и мир и во овие ситуации треба да се реагира трезвено, без дискутирање со поединци одтолпата и да се фотографира во групи од безбедна дистанца.

На крај,  врската помеѓу полицијата и фото-репортерот е особено широка тема. Потребно е да се работи на генерален план во насока на едукација на двете страни и јас би рекол полицијата да се обиде да ги достигне стандардите на нормално демократско општеството.

**4- Етика.** Што се однесува до етиката, тука се применуваат меѓународните стандарди и немам што да додадам, освен тоа дека уредниците (а, не фото-репортерите) не ги почитуваат и за тоа потребно е да следат некакви санкции. Но, мислам дека на оваа тема треба да се разговара со самите уредници кои ги користат фоторепортерите за да  манипулираат со јавноста и дека Здружението треба да открие дека некои фотографии не ја отсликуваат реалноста и дека се јасна манупулација на фактите.





## ЗА АВТОРОТ:



**Мет Лутоне** американски фотограф кој го поминува времето во неговиот роден град Сиетел во Соединетите Американски Држави и во Белград, Србија. Тој направил фотографии за разновидни публикации, од The NewYorkTimes, TheWallStreetJournal, Vice Magazine, Financial Times и 2012 Magazine. Тој се приклучи на Boreal Collective во 2013 година.

## КОАВТОР:

**Томислав Георгиев** е роден во Битола, Република Македонија, на 24 јуни, 1975. Неговиот интерес за фотографија започна уште како студент, но професионално почна да работи во 1998 година, како фото-репортер во неколку студентски весници и продолжи да работи како фото-репортер и фото-уредник на „Фокус“ неделен магазин (1998-до денес). Тој постојано се обидува да ги подобри своите вештини за фотографија и го следел семинарот за фотографија на Универзитетот Мисури и 3 години, семинарот на World PressPhoto. Неговите дела се објавени во многу престижни весници: „Le Monde“, „Sunday Times“, „Financial Times“ и други. Соработувал со најпознатите светски прес агенции, учествувал на повеќе групни изложби и тој е предавач на Факултетот за новинарство и односи со јавноста. Тој имаше изложбанаIstanbul Slide Show Days во 2004 година, изложба на Универзитетот во Анталија, во Турција во 2007 година и во Софија на тема „Фокусирајќи се на животот на Ромите во Европа“. Во 2008 година ја имаше својата прва самостојна изложба „Велосипеди“ во Скопје. Тој е фотограф на УНИЦЕФ за Македонија од 2010 година. Во 2012 година имаше 2 изложби во Сараево и во Белград, во 2013 година изложби во Берлин и во Загреб и во Сараево и во Виена во 2014 година. Во текот на својата кариера има освоено многу престижни награди во земјата и на регионално ниво.

## КОАВТОР:

**Роберт Атанасовски** започна со фотографија додека студирал Филозофија на Универзитетот во Скопје. Неговите фотографии од протести и други настани од тоа време се објавени во студентскиот весник. Неговото професионално искуство започна во 1995 година додека работеше како фото-репортерза првиот весник со најголема продажба, весникот „Дневник“, а потоа во 1999 годинакако уредник на фотографија. Од 2006 до 2010 година тој соработувал со „Форум“, најдобротои најпознатото списание со најголем тираж во Македонија во тоа време. Во 1999 година тој го следеше курсот за фотографија под покровителство на Амбасадата на САД на Универзитетот за новинарство во Колумбија, Мисури, САД во период од три месеци. Во 1999 година ја започна соработката со ЕАМФ (Европска Агенција за медиумско фотографии). Тоа беше време на криза на Албанците бегалциод Косово за време на бомбардирањето на НАТО врз Србија. Тој продолжи да се работи за ЕАМФ и за време на конфликтот меѓу АРМ и ОНА (албанските бунтовници) во 2001 година. Во 2013 година почна да работи за АФП (AgenceFrancePresse) како подршкаво периодот кога ЕАМФ и АФП работеа одделно. Во 2006 година го покриваше референдумот за независност во Црна Гора, а во 2008 година го покриваше случајот со прогласувањето на независноста на Косово. Во меѓувреме, до 2010 година, работи за два весника како уредник на фотографија, во „Време“ и „Нова Македонија“. Од тогаш работи за АФП.






Координатор
на оваа публикација:

**Драган Секуловски,**
извршен директор
на Здружението
на новинарите
на Македонија

**Дизајн:**
Марјан Делевски

Тираж:
200




EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

This project was funded in part through a U.S. Embassygrant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.

Овој проект е делумно подржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата, заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот (ите) / авторот (ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.